ПЕРФОРМАНС

# ЈАРБОЛ(И)?

***Кон изложбата на Исмет Рамиќевиќ во МСУ, ноември 2000***

Што да се каже за повеќе идентични вертикали со изглед на обична мочуришна трска, подредени хоризонтално во 3 реда под права линија од едната страна и потпрени врз ѕид дијагонално од другата страна во просторијата. А надвор наспроти влезот пред МСУ 3 стојат забодени во земјата, сообразувајќи се со природниот простор и навестувајќи го тоа што се одвива внатре. И сите се изработени идентично, мултиплицирани до бројката 79, определена како случаен избор.

Со изложбата "Јарбол", Исмет Рамиќевиќ ја продолжува серијата изложби-инсталации започната со "Лавиринт 1,2,3" во 1998 и "Лажици" во 1999 година. Елементите на делото, кои се во форма на водена трска изработена над своите природни димензии, формално одават попартистички дух во стилот на Клајв Олденбург. Но, на Исмет Рамиќевиќ повеќе му е важен концептуалниот карактер на делото во кој соодносот на гледачот со делото е битен елемент во неговото постоење. Подредени во просторот, тие му овозможуваат комуникација на гледачот т.е. восприемачот на делото. Движењето во и околу самото дело открива нови и нови агли и видици, кои не можат да се повторат при наредниот чекор. Рамиќевиќ формира еден микрокосмос, кој поставен во ограничен простор делува големо, исполнувајќи го просторот и давајќи ѝ топлина на квадратестата и бела





изложбена сала. Една од целите на изложбата се токму пренесувањето на топлината и питомоста на природата во еден неприроден и конструиран простор и желбата да се доловат и да се предизвикаат сензибилни, лирски и неагресивни чувства. Но, од трите парчиња поставени надвор во природата, како и од фотографиите снимени надвор во природен пејзаж на различни локации, се забележува дека неговото дело има некоја камелеонска нишка, која му овозможува да функционира и да комуницира со различни простори, со тоа што во природата тоа целосно се вклопува и се соединува со средината, бидејќи тоа е нејзина имитација, формирајќи свој привиден (не)ред. Додека во просторијата на МСУ, на делото му се дава симболичка конотација, инсистирајќи на подреденост, индентичност, совршеност. Гледањето на светот и неговата (не)совршеност. Дали Јарбол = Јарболи и колкава е разликата меѓу нив?!

Нада ПЕШЕВА



Ј.р. 1305